UDK: 347.736/.739:[341.63:339.5(497.7)(094.5)

# CHALLENGES OF ARBITRATION IN THE CONTEXT OF BANKRUPTCY AND INSOLVENCY: ISSUES AND LEGAL SOLUTIONS FOR THE APPLICATION OF MACEDONIAN LEGISLATION

**Olivera NECHOVSKA**
PhD in European Union Law at the Faculty of Law "Justinian the First" at the University "St. Cyril and Methodius" in Skopje
E - mail: olivera.nechovska@gmail.com

**Stefani MLADENOVSKA STOJANOVSKA**
PhD Candidate in the field of civil procedural law at the Faculty of Law "Justinian the First" at the University "St. Cyril and Methodius" in Skopje
E - mail: stefanimladenovska1@gmail.com

**Abstract**

This paper explores the current issues and challenges arising from the application of Macedonian arbitration legislation in the context of insolvency and the initiation of bankruptcy proceedings. Special attention is given to how the insolvency, or illiquidity, of one party affects its ability to participate in arbitration proceedings and the legal consequences of opening bankruptcy, including its impact on ongoing arbitration cases. The paper analyzes the gaps in the existing legislation, particularly the lack of clear regulations that define the rights and obligations of parties involved in arbitration when one party is in bankruptcy. When a party is insolvent but no bankruptcy procedure has been initiated, there is no automatic restriction on its ability to participate in arbitration. However, once bankruptcy proceedings are initiated, significant legal consequences follow, including the transfer of legal capacity to the bankruptcy trustee. Bankruptcy proceedings can influence arbitration cases, as the bankruptcy trustee may decide whether to continue or terminate the arbitration depending on the protection of creditors' interests and the bankruptcy estate. To prevent legal uncertainty, it is recommended to introduce clear legislative provisions to regulate this matter, ensuring legal certainty for all participants in arbitration proceedings during bankruptcy.

**Keywords:** *Arbitration, bankruptcy proceedings, insolvency, legal capacity, bankruptcy trustee.*

# ПРЕДИЗВИЦИ НА АРБИТРАЖНОТО РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ ВО КОНТЕКСТ НА СТЕЧАЈ И ИНСОЛВЕНТНОСТ: ПРОБЛЕМИ И ПРАВНИ РЕШЕНИЈА ЗА ПРИМЕНАТА НА МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО

**Оливера НЕЧОВСКА**
Доктор по правни науки од областа на правото на Европската Унија на Правниот факултет „Јустинијан Први'' при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј'' во Скопје
Е - маил: olivera.nechovska@gmail.com

**Стефани МЛАДЕНОВСКА СТОЈАНОВСКА**
Докторски кандидат од областа на граѓанското процесно право на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје
Е - маил: stefanimladenovska1@gmail.com

**Апстракт**

Предмет на истражување на овој труд се актуелните прашања и предизвици кои што произлегуваат од примената на македонското арбитражно законодавство во контекст на инсолвентноста и започнувањето на стечајните постапки. Посебно внимание се посветува на тоа како инсолвентноста, односно неликвидноста на една странка влијае на нејзината способност да учествува во арбитражните постапки и правните последици од отворањето на стечајот, вклучувајќи го и влијанието врз тековните арбитражни предмети. Трудот ги анализира празнините во постојното законодавство, особено недостигот на јасни регулативи кои ги дефинираат правата и обврските на странките вклучени во арбитражата кога една од странките е во стечај. Кога една странка е инсолвентна, но не е започната стечајна постапка, не постои автоматско ограничување на нејзината способност да учествува во арбитража. Меѓутоа, откако ќе започнат стечајните постапки, следат значајни правни последици, вклучувајќи го и преносот на правната способност на стечајниот управник. Стечајните постапки можат да влијаат на арбитражните предмети, бидејќи стечајниот управник може да одлучи дали ќе продолжи или ќе го прекине арбитражниот процес во зависност од заштитата на интересите на доверителите и стечајната маса. За да се спречи правна несигурност, се препорачува да се воведат јасни законски одредби кои ќе го регулираат ова прашање, обезбедувајќи правна сигурност за сите учесници во арбитражните постапки за време на стечај.

**Клучни зборови:** *Арбитража, стечајни постапки, инсолвентност, правна способност, стечаен управник.*

**Вовед**

Способноста да се биде странка во арбитражната постапка, како и објективната арбитрабилност, во правниот систем на Република Северна Македонија, поточно во Законот за меѓународна трговска арбитража на Република Македонија, се регулирани како причини за поништување на арбитражни одлуки во соодветна постапка на поништување на арбитражни одлуки. Постапката за поништување претставува механизам на судска контрола на спроведеното арбитражно судење.

Кога станува збор за овие причини за поништување, значајни предизвици се јавуваат кога над една од странките во арбитражната постапка се отвора стечајна постапка или кога таа се соочува со сериозни проблеми со ликвидноста. Притоа се наметнуваат прашања од особена правна и практична важност: како инсолвентноста или неликвидноста на странката влијае врз нејзината способност да учествува во арбитражни постапки и какви се правните последици врз веќе започнатите или тековни арбитражни постапки по отворањето на стечајната постапка. Овие дилеми го откриваат недостатокот на детална и прецизна регулатива во постојното законодавство, што создава правна несигурност, ја отежнува ефикасната примена на арбитражата во ситуации поврзани со стечај, и ја поткопува предвидливоста на правниот систем во вакви комплексни случаи.

## 1. Влијанието на инсполвентноста врз способноста да се биде странка – осврт на законска регулатива

Согласно член 35 став 2 алинеја 1 од Законот за меѓународна трговска арбитража на Република Македонија, поништување на арбитражна одлука може да се бара ако странката во постапката не била способна да ја склучи арбитражната спогодба или да биде странка на арбитражната спогодба, според правото кое е меродавно за нејзината способност. Способноста да се склучи арбитражна спогодба е регулирана со посебен закон кој го уредува стекнувањето на способноста за дејствување. За да се утврди правната и деловната способност на странките во арбитражната спогодба која има странски елементи, судовите на Република Северна Македонија ќе се повикуваат на Законот за меѓународно приватно право. Согласно член 15 и 16 од предметниот закон, за правната и деловната способност на странски физички лица и ограничувањата меродавно е правото на државата чијшто државјанин е тоа лице. Во однос на странските правни лица, согласно член 21 од предметниот закон за правната положба на

правното лице, меродавно е правото на државата во чиј јавен регистер е тоа запишано. Способноста на странките да ја склучат арбитражната спогодба треба да се оценува во моментот на потпишувањето на арбитражната спогодба. Иако ова не е експлицитно дефинирано во член 35 став 2 алинеја 1 од Законот за меѓународна трговска арбитража на Република Македонија, тоа е имплицирано бидејќи глаголот користен во овој член е во минато време.

Во однос на прашањето како инсолветноста, односно неликвидноста на една од странките, влијае на способноста да се биде странка во било која постапка, вклучувајќи ја и арбитражната постапка, согласно моменталната законска регулатива, ниту Законот за меѓународна трговска арбитража на Република Македонија, ниту Законот за стечај, не го уредуваат предметното прашање.

Инсолвентноста се однесува на ситуацијата кога странката (должникот) не е во можност да ги исплати своите долгови, што иницира правни постапки како што се стечај или ликвидација. Инсолвентноста не го негира правниот идентитет на должникот, поточно не ја одзема способноста за учество во правни договори, вклучително и арбитражни спогодби (Kröll, 2023). Инсолвентните компании или физички лица остануваат правни субјекти, дури и ако се наоѓаат во процес на инсолвентност. Ова значи дека тие може да продолжат да учествуваат во правните постапки, вклучувајќи арбитража, освен ако нивната правна способност не е експлицитно ограничена од релевантните закони, што во правниот систем на Република Северна Македонија, не е случај. Согласно чл. 5 ст. 2 од Законот за стечај, должникот се смета за неспособен за плаќање ако во период од 45 дена од која било негова сметка, кај кој било носител на платниот промет, не е исплатен износот што требало да биде исплатен врз основа на важечките основи за плаќање, но не е регулирано како оваа состојба влијае на активните правни постапки. Согласно чл. 5 ст. 1, неспособноста за плаќање претставува основ за стечај или реорганизација над стечајниот должник. Кога една странка е неликвидна, во смисла на Законот за стечај, но не е започната официјална стечајна постапка, ситуацијата станува покомплицирана, особено во контекст на арбитражата. Неспособноста за плаќање се однесува на состојба кога странката не е во можност да ги исплати своите долгови кога тие стануваат доспеани или финансиски обврски кои ги надминуваат нејзините расположливи средства. Сепак неликвидноста сама по себе не значи и дека автоматски ќе се отвори стечај. Во таа насока, фактот дека странката е неликвидна, но не започнала стечајна постапка, генерално значи дека способноста на странката да учествува во арбитражата не е автоматски ограничена (Deringer, 2021). Самата инсолвентност не го нарушува правниот капацитет на странката да склучува договори, вклучувајќи го и арбитражниот договор. Освен ако странката не е правно ограничена (на пример, изречена е официјална забрана за нејзиниот имот – привремена мерка за обезбедување), таа може да биде странка во арбитражниот договор и да учествува во арбитражната постапка. Меѓутоа, финансиската нестабилност на неликвидната странка може да создаде практични проблеми, како што е способноста на странката да ги подмири арбитражните трошоци и во таа насока може да се размисли во вакви состојби согласно чл. 17 од Законот за меѓународна трговска арбитража да се назначи привремена мерка се со цел заштита на доверителите, но и на самата арбитражна постапка. Факт е дека согласно меѓународните стандарди (Van de Ven, 2014), ликвидацијата сама по себе не претставува основ за поништување на арбитражните одлуки, независно дали постоела во моментот на склучување на арбитражната спогодба или настанала во текот на арбитражната постапка, што е и оправдано од причина што од една страна истата е основа за отворање на стечајна постапка, но од друга страна е променлива категорија и ако во еден момент странката била неспособна за плаќање, во друг момент може да наплати некое свое друго побарување и да стане ликвидна.

## 2. Објективна арбитрабилност на спорови кои настануваат во текот на стечајните постапки или пред нејзиното отворање

Со самиот акт на дозволување странките слободно да ја договорат арбитражата како алтернативен начин на решавање на нивните меѓусебни спорови од меѓународните трговски трансакции, државата на некој начин се откажува од една од своите основни и есенцијални надлежности – да расправа и одлучува по споровите за граѓанските и субјективни права. Сепак, не сите спорови се погодни за решавање преку арбитража, бидејќи за некои видови спорови

државата го задржува правото да определи исклучива судска надлежност, што значи дека само државните судови имаат овластување да расправаат и одлучуваат по нив и овие спорови се сметаат за неарбитрабилни.

Објективната арбитрабилност на споровите, односно подобноста на предметот на спорот да биде подложен на решавање пред меѓународна трговска арбитража, е регулирано со одредбите од член 1 во ставовите 2 и 6 во Законот за меѓународна трговска арбитража. Овој вид арбитрабилност е поставен доста широко - пред меѓународна трговска арбитража можат да бидат подложени сите спорови што ги исполнуваат следниве два услова: а) да станува збор за спорови за права со кои странките слободно располагаат (член 1 став 2); и б) да станува збор за спорови за кои со закон не е предвидена исклучива надлежност на судот во Република Македонија (член 1 став 6).

Не треба да постои дилема дека спроведувањето на стечајната постапка е поврзано со силен јавен интерес, поради што таа е во судска надлежност. Прашањето за арбитрабилноста се поставува не во врска со самата стечајна постапка, туку во врска со три вида спорови на стечајниот должник, меѓу кои: а) спорови за кои во моментот на отворањето на стечајната постапка веќе била поведена арбитража врз основа на полноважна арбитражна спогодба; б) спорови за кои постоела претходно склучена арбитражна спогодба, но не била поведена арбитражна постапка во моментот на отворањето на стечајот и в) спорови за кои во моментот на отворањето на стечајот немало склучено арбитражна спогодба, односно дали за нив може да се склучи арбитражна спогодба и покрај тоа што е отворен стечај над стечајниот должник (Bhaskar, 2021).

Во законодавството на Република Северна Македонија, ниту во Законот за стечај ниту во Законот за меѓународната трговска арбитража на Република Македонија не се содржани изрични одредби со кои се дава одговор на прашањето како отворањето на стечајната постапка влијае врз веќе поведените арбитражни постапки. Имено, согласно член 136 од Законот за стечај на Република Северна Македонија, отворањето на стечајната постапка, поточно денот кога огласот за отворање на таа постапка е истакнат на огласна табла на судот е моментот од кога ex lege настапуваат правните последици кои влијаат на правната положба на должникот во стечајната постапка. Член 137 од Законот за стечај, предвидува дека правните последици од отворената стечајна постапка влијаат на должникот на начин што доаѓа до ограничување на имотно ж-правниот субјективитет, со сите елементи на правна, деловна и деликтна способност, како и карактеристиките на друштвото, застапувањето и имотот и ограничување на работењето на органите на управување на трговското друштво. Така, правната способност на друштвото по настапувањето на правните последици се пренесува на органите на стечајната постапка. Сепак, треба да се има во предвид дека настапувањето на правните последици од отворената стечајна постапка не значат и губење на својството на правно лице на должникот, туку пренесување на сите овластувања на органите на управување кои се однесуваат на имотот на должникот на стечајниот управник, што всушност означува почеток на крајот на функционирањето на друштвото како правно лице. Истото се однесува и на деловната способност на друштвото како самостојно влегување во имотно правните односи и формирање на волјата за склучување на одредени договори, вклучувајќи и арбитражни спогодби. Во таа насока, неспорно е дека доколку е отворена стечајна постапка над определено лице, тоа лице ја нема потребната способност да може да склучи арбитражна спогодба, бидејќи истата е пренесена на стечајниот управник и во таа насока секое спротивно постапување претставува основа за поништување на арбитражната одлука, поради фактот што правното лице ја нема потребната способност за склучување на арбитражната спогодба, која е основа на арбитражното судење.

Она што не е уредено со Законот за стечај е како отворањето на стечјната постапка влијае врз веќе поведените арбитражни постапки. Имено, согласно, член 143 од Законот за стечај, се предвидува дека парничните постапки што во времето на отворање на стечајната постапка биле во тек за имотот што влегува во стечајната маса, ќе ги превземе стечајниот управник во име и за сметка на должникот, до тогаш тие се во прекин. Наведената формулација, го уредува прашањето што ќе се случи со поведените парнични постапки, но не го уредува прашањето што ќе се случи со арбитражните постапки. Во отсуство на јасни одредби, не останува друга алтернатива, освен примена на методот на толкување, на начин што предметната одредба, освен

на поведените парнични постапки соодветно да се примени и за арбитражните постапки. Така, доколку е отворен стечај над една од странките на арбитражната спогодба, согласно член 87 од Законот за стечај, другата странка треба да го пријави побарувањето за кое се води парница или друга постапка (став 3), за да потоа согласно член 89 стечајниот управник се произнесе дали го признава или оспорува, и ако го признае во тој случај согласно член 92 да ја продолжи постапката, а ако не доверителот, согласно член 91 од Законот за стечај, ќе треба да поднесе соодветна тужба за докажување на правото на побарување (постапка за утврдување на оспорено побарување) и во зависност од исходот на таа постапка да се оконча и самата арбитражна постапка.

Отсуството на јасни правни одредби за арбитражата согласно Законот за стечај во Република Северна Македонија не само што создава конфузија, туку исто така ги истакнува предизвиците кои произлегуваат од пресекот на стечајното законодавство и алтернативните механизми за решавање спорови. Како што арбитражата продолжува да добива на значење, се повеќе е важно законодавците да ја решат овој празнина, обезбедувајќи дека и доверителите и должниците ги разбираат своите права и обврски кога арбитражата е во тек во време на стечај. Законодавецот треба да ја разгледа внимателно намерата на двете страни во спорот, бидејќи тие намерно го избрале форумот во кој сакаат да биде решен нивниот спор при влегувањето во нивниот договор. Потребно е да се обезбеди јасност за да се спречи ерозија на правата на доверителите и да се осигури доследност во начинот на кој се решаваат споровите кои се предмет на арбитража, а во меѓувреме за една од странките е отворен стечај. Додека тоа не се постигне, сите заинтересирани страни ќе мора да се движат внимателно во ова правно несигурно опкружување, внимателно проценувајќи ги своите опции при потрагата по правда.

Во Европската Унија со Регулативата 1346/2000 востановена е заедничка општа правна рамка за стечајните постапки. Оваа Регулатива предвидува дека правото на државата во која е отворена стечајната постапка ќе се применува за одредување на последиците на таа стечајна постапка врз останатите постапки поведени од поодделни доверители, вклучително и арбитражните постапки, со исклучок на постапките кои веќе се водат во моментот на отворање на стечајната постапка и кои ќе се решат според правото на државата – членка во која таа постапка тече.

## 3. Влијанието на стечајот и неликвидноста на арбитражните постапки во Германија

Во Германија, правната регулатива за стечај и арбитража е јасно дефинирана со цел да се балансираат интересите на странките во стечај, како и интересите на доверителите. Овој дел од правниот систем се карактеризира со прецизни одредби кои регулираат како стечајот влијае на арбитражните постапки, како и како неликвидноста влијае на способноста за учеството на странките во овие постапки (htt4). Имено, во правниот систем на Германија, двата основни акти кои ги регулираат врските помеѓу стечајот и арбитражните постапки се Законот за стечај (Insolvenzordnung - InsO) и Законик за граѓанска постапка (Zivilprozessordnung - ZPO) (Van de Ven, 2014).

Од материјален аспект, согласно член 103 од Германскиот закон за стечај, во случај на стечај, стечајниот управник има право да ги преземе правата и обврските на должникот, вклучувајќи и арбитражните спогодби. Стечајниот управник може да одлучи дали ќе ја продолжи или ќе ја прекине арбитражната постапка во зависност од интересите на стечајната маса. Согласно член 108 од предметниот закон, ваквото овластување подразбира дека стечајниот управник има право да ја оспори арбитражната спогодба ако тоа е во интерес на доверителите, што ја додава важноста на извршувањето на стечајната постапка во контекст на арбитражата (Kröll, Arbitration and insolvency: A German perspective, 2020).

Од процесен аспект, член 1032 од Германскиот законик за граѓанска постапка ги регулира правата и обврските во арбитражната постапка. Во случај на стечај, арбитражната постапка може да продолжи, но стечајниот управник мора да биде вклучен за да осигура дека правата на доверителите не се нарушени. Дополнително, согласно член 1040 од предметниот закон, кога една од страните е во стечај, арбитражниот суд може да биде должен да разгледа

какви последици тоа има за текот на арбитражната постапка, особено во поглед на извршување на арбитражната одлука (Kröll, Arbitration and insolvency: A German perspective, 2020).

Стечајот има значително влијание на арбитражните постапки, особено во контекст на продолжување или прекин на постапката. Стечајниот управник, како претставник на стечајната маса, има право да донесе одлука за продолжување или прекинување на арбитражната постапка, во зависност од тоа дали продолжувањето на постапката е во интерес на кредиторите.

Во случај кога една страна е во стечај, арбитражната спогодба може да биде изменета или оспорена од страна на стечајниот управник. Се проценува дали продолжувањето на арбитражата би довело до неправедно поволни услови за една страна, што би ја оштетило стечајната маса и интересите на другите кредитори.

Извршувањето на арбитражните одлуки во контекст на стечај може да биде значително ограничено. Кога должникот е во стечај, сите негови средства и обврски преминуваат во рамките на стечајната маса, која има приоритет пред сите други обврски, вклучувајќи и оние кои произлегуваат од арбитражните одлуки. Како резултат, иако арбитражната одлука може да биде правосилна, нејзиното извршување може да биде невозможен или одложен процес, ако средствата на должникот не се доволни или се под контрола на стечајната постапка.

Неликвидноста на една страна може да има значителни последици за нејзината способност да учествува во арбитражна постапка. Во случај на сериозен недостаток на средства, странката може да не биде во можност да ги покрие трошоците за адвокати, арбитражни такси и други оперативни трошоци. Во такви околности, странката може да побара одлагање на постапката или може да не биде во можност да продолжи со арбитражата воопшто. Но, она што е важно да се напомене дека инсолвентноста (неликвидноста) сама по себе не доведува автоматски до неспособност за склучување арбитражна спогодба. Иако инсолвентноста може да има влијание врз правото на странките да учествуваат во арбитражни постапки, не постои општ принцип што забранува полноважно склучување арбитражна спогодба.

## 4. Предлог реформа на македонското законодавство

Се со цел надминување на правниот вакуум за прашањата како инсолвентноста, односно неликвидноста влијае на способноста да се биде странка и како отворањето на стечајот влијае врз веќе поведените арбитражни постапки, предлагаме измена на Законот за стечај на Република Северна Македонија и воведување на нов член кој ќе ги уреди прашањата поврзани со влијанието на инсолвеноста врз способноста да се биде странка и влијанието на отворањето на стечајната постапка врз тековните арбитражни постапки.

Предлог член

„Член X: Арбитражни постапки

Со денот на отворањето на стечајната постапка се забранува поведување на нови арбитражни постапки, односно склучување на арбитражни спогодби за арбитражно решавање на спорoвите, до донесување на конечна одлука во врска со започната стечајна постапка.

Арбитражните спогодби врз основа на кои не е иницирана арбитражна постапка, склучени пред отворањето на стечајната постапка, немаат правно дејство.

Ако на денот на отворање на стечајната постапка се води арбитражна постапка врз основа на полноважна арбитражна спогодба, за побарување кое е пријавено и утврдено во стечајна постапка, стечајниот управник ќе ја продолжи арбитражната постапка, доколку тоа не е во спротивност со стечајната постапка или не го попречува ефикасното решавање на финансиската состојба на должникот, во спротивно стечајниот управник може да побара од арбитражниот суд да ја прекине постапката или да ја одложи, додека не се решат сите финансиски и имотно-правни прашања што произлегуваат од стечајот.

Неспособноста за плаќање, односно неликвидноста на една од странките, доколку не е отворена стечајна постапка во смисла на член 5 од овој Закон, не влијае на способноста да се биде странка во арбитражна постапка.“

Со оглед на фактот дека ставот 3 упатува на продолжување на арбитражни постапки за побарувања кои се соодветно пријавени во стечајната постапка, истото за последици повлекува соодветна примена на членовите 87 и 143 од Законот за стечај.

Со предложениот став 5 се отстранува правната неизвесност во однос на влијанието на инсолвентноста на една од странките врз нејзината способност да учествува во арбитражната постапка, односно врз нејзината способност да склучи арбитражна спогодба. Овој став јасно уредува дека ако стечајната постапка не е отворена, странката продолжува да има способност да учествува во арбитражата, што значи дека може да склучи арбитражна спогодба и да биде странка во арбитражната постапка.

Во корист на предложената измена, оди и фактот дека работната група V на UNCITRAL моментално работи на нацрт - измени кои ќе го регулираат влијанието на стечајот врз арбитражните постапки, што е сложена и контроверзна тема. Имено, работната група предвидува самите држави да го уредат влијанието на стечајот врз арбитражните постапки. Предлогот е „lex fori concursus" – правото на државата во која е отворена стечајната постапка да ги регулира сите аспекти на стечајната постапка, вклучувајќи ја и можноста за започнување нови арбитражни постапки по отворениот стечај. Исклучок од ова правило постои за арбитражните постапки кои се во тек во моментот на отворањето на стечајот. Имено, отворањето на стечајот врз веќе поведените арбитражни постапки, предлог е да биде регулирано со правото на државата што ги регулира арбитражните постапки (lex arbitri, што често е законот на седиштето - lex loci arbitri) (htt3). Оттука, издигнување на потребата од уредување на прашањето како отворањето на стечајот влијае врз арбитражата, на меѓународно ниво, ја истакнува потребата од итна интервенција на национално ниво во овој дел.

**Заклучок**

Истражувањето на примената на македонското арбитражно законодавство во контекст на инсолвентноста и стечајните постапки открива сериозни недостатоци и празнини во правната регулатива која влијае на арбитражните процеси. Недостигот на јасни и конкретни одредби за влијанието на неликвидноста и стечајот врз правната способност на странките, како и на тековните арбитражни постапки, создава правна несигурност која може да доведе до конфликтни толкувања и неефективност во практиката. Иако моменталната законска регулатива, поточно Законот за меѓународна трговска арбитража и Законот за стечај, не го регулираат директно ова прашање, истите остануваат пресудни за обезбедување на правната сигурност во деловните односи, особено во случаи кога над една од странките е отворен стечај.

Посебно значење има недостигот на јасни насоки за тоа како да се постапува во ситуации кога странката е неликвидна, но не е отворен стечај, што дополнително ги комплицира постапките, особено во контекст на арбитражата. Во вакви случаи, иако не постои автоматско ограничување на правната способност за учество во арбитража, практичните проблеми поврзани со плаќањето на трошоците за арбитража и заштитата на правата на доверителите се значителни. Примената на привремени мерки и јасна законска регулатива би помогнала да се обезбеди поефикасно управување со ваквите ситуации.

Дополнително, правниот вакуум во однос на примената на стечајните последици на веќе започнатите арбитражни постапки е посебен предизвик. Постоечките одредби во Законот за стечај не нудат јасно регулирање на ова прашање, што може да предизвика правна нејасност и дополнителни компликации во текот на стечајните процедури. Невидливоста на арбитражните постапки во контекст на стечајната регулатива води до правна несигурност и потенцијално нарушување на правата на странките, особено на доверителите.

Заради овие недостатоци, потребно е ефикасно да се преземат законски мерки за прецизно уредување на овие прашања, со цел да се обезбеди правна сигурност, како за странките вклучени во арбитражата, така и за доверителите во случај на стечај. Препорачливо е да се воведат конкретни законски одредби кои ќе регулираат како неликвидноста и стечајот ќе влијаат на способноста на странките да учествуваат во арбитражни постапки, како и на последиците од отворањето на стечај врз тековните арбитражни постапки.

Истовремено, потребно е да се разгледаат искуствата од правните системи на други земји, како што е Германија, кои имаат развиени и прецизни регулативи во врска со овие прашања. Овие примери може да служат како основа за надградување на македонското законодавство и за изнаоѓање на практични решенија кои ќе ги балансираат интересите на сите учесници во процесите на стечај и арбитража.

За да се осигура доследност и правна сигурност во примената на арбитражата, важно е да се обезбедат законски решенија кои ќе ги уредат правата и обврските на странките во случај на стечај. Се препорачува и воведување на законска прецизност во одредбите кои се однесуваат на арбитражната способност на странките во моменти на финансиска нестабилност, со што ќе се зголеми довербата во алтернативните методи на решавање спорови и ќе се олесни функционирањето на правниот систем.

**Библиографија**

**Книги, статии**


Bhaskar, S., & Daigavane, W. (2021). Arbitrability of insolvency disputes: Resolving the conundrum. American Review of International Arbitration, 31(2).

Freshfields Bruckhaus Deringer. (2021). Insolvency and arbitration. International Arbitration in 2021.

Kröll, S. (2020). Arbitration and insolvency: A German perspective. Kluwer Arbitration Blog.

Kröll, S. (2023). Arbitration and insolvency. In S. Kröll, A. K. Bjorklund, & F. Ferrari (Eds.), Cambridge Compendium of International Commercial and Investment Arbitration (pp. 1772–1801). Cambridge University Press.

Mash, J., & Niedermaier, T. (2024). The impact of insolvency proceedings on enforcement of arbitration awards. In Arbitration and Insolvency (pp. 180–197). Edward Elgar Publishing.

Van de Ven, F. (2014). Insolvency in international commercial arbitration. Springer Gabler.

Spasevski, D. (2018). Macedonian bankruptcy law and the protection of creditors' rights by the creditors' bodies in the bankruptcy procedure. Praven Fakultet Justinijan Prvi.

**Yu, Z.** (2022). An analysis of the multiple aims of insolvency law: From the internal and external perspectives. *Law and Economy, 1*(5), 31–36.


**Правни извори**


Закон за меѓународната трговска арбитража на Република Македонија „Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/2006;

Закон за меѓународно приватно право (*) „Службен весник на Република Македонија 32/2020’’;

Закон за стечај (Сл.Весник на Р.М. бр.34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14, 98/15 и 192/15);

Законот за стечај на Германија (Insolvenzordnung - InsO)

Законик за граѓанска постапка на Германија (Zivilprozessordnung - ZPO).

Регулатива на Европската Унија 1346/2000.


**Интернет страни**


https://www.globallegalinsights.com/practice-areas/international-arbitration-laws-and-regulations/germany/.

https://arbitrationblog.kluwerarbitration.com/2023/12/13/the-law-applicable-to-the-effects-of-insolvency-in-arbitration-uncitrals-work-in-progress/.